


***СКРИНИНГ НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА ЗА ПОЗДРАВА ИДНИНА НА ЖЕНИТЕ***

***Ракот на грлото на матката е втор најчест канцер кај жените во светот, со околу 500000 нови случаи и 250000 случаи кои завршуваат со смрт секоја година. Скоро 80 % од случаите се во сиромашните земји.(СЗО, март 2013)***

***Најчесто ракот на грлото на матката се открива со Пап тест-от. Пап тест-от е повеќе тест за скрининг отколку за поставување на дијагноза и е многу ефикасен за откривање на абнормалности на грлото на матката .***

***Негативен Пап тест значи дека нема абнормалности во ткивото на грлото на матката. Околу 5-10% од Пап тест-овите покажуваат барем умерени абнормалности. Одреден број фактори различни од ракот на грлото на матката, исто така, предизвикуваат абнормалности вклучувајќи го воспалението предизвикано од бактериски или габични инфекции .***

***Проценето е дека скринингот во интервали од 1 или 3 години ја намалува инциденцата на ракот на грлото на матката за 94% , односно 91%, соодветно.(World Journal of Surgery)***

***<u>Кратки организациски инструкции за спроведување на Програмата за скрининг на грлото на матката</u>***

